# Пиење вода после поплава

## Информации кога и како е безбедно да се пие вода после поплава

**Macedonian | Македонски**

**OFFICIAL**

После поплава, вашиот снабдувач со вода ќе ве извести дали водата од чешма е безбедна за пиење. Компанијата може да издаде:

**Упатство водата да не се пие**: Вашата вода содржи штетни хемикалии и отрови, па може сериозно да се разболите ако ја пиете.

**Упатство водата да се преврива**: Вашата вода можеби содржи микроби и мора да ја превриете пред користење. Може да се разболите ако пиете непровриена вода.

### Што да правите ако не можете да пиете вода од чешма

Не треба да пиете вода од чешма ако вашата компанија за вода издала „Упатство водата да не се пие" ('Do not drink advisory').

- Вие не треба:
  - ✓ да пиете вода од чешма во област погодена од поплава
  - ✓ да ја преврвате водата или да ја третирате со хлор или белило, бидејќи тоа нема да ја направи безбедна.
- Флаширана вода користете за пиење, готвење, напитоци, правење бебешка храна (baby formula) и мраз, за миење заби и за поење на домашни миленици.
- Во некои ситуации водата од чешма може да користите за измивање на тоалет, миење на рацете, туширање (внимавајте да не голтнете вода) и за перење алишта. Престанете да ја користите водата и јавете се на доктор ако добиете јадеж на кожата или која било друга реакција.
- Вашиот снабдувач со вода ќе ви јави кога ќе биде безбедно да пиете вода од вашата чешма.

### Што да правите ако треба да преврвате вода

Ако вашиот снабдувач со вода издаде „Упатство водата да се преврива" ('Boil water advisory'), треба да ја преврвате водата од вашата чешма.

- За да превриете вода од чешма за да биде безбедна за пиење:
  - ✓ загрејте ја водата да зоврие додека да видите голем број меури кои постојано се качуваат од дното на садот или чајникот.
  - ✓ изладете ја водата пред користење.
  - ✓ чајниците (kettles) со автоматство исклучување се соодветни. чајниците со променлива температура треба да се наместат на вриење.
  - ✓ превриената вода чувајте ја во чист и затворен сад
  - ✓ изладете ја водата пред користење
  - ✓ треба да се внимава да не дојде до повреди со попарување.
- Превриена вода треба да се користи за пиење, готвење, напитоци, правење бебешка храна и мраз, за миење заби и за поење на домашни миленици.
- Непревриена вода може да се користи за миење на рацете, туширање (внимавајте да не голтнете), измивање на тоалет, миење садови и перење алишта, и за наводнување на градината или прскање со црево надвор.
- Вашиот снабдувач со вода ќе ви јави кога е безбедно водата од вашата чешма да ја пиете без преврвање.

## Побарајте помош

- За информации контактирајте со вашиот снабдувач со вода <www.water.vic.gov.au/water-industry-and-customers/know-your-water-corporation>.
- Ако сте загрижени дека можеби сте консумирале загадена вода или имате стомачни проблеми, јавете се на вашиот доктор.

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, пратете имејл на pph.communications@health.vic.gov.au